Бр: 03-98/2
Скопје: 12.05.2021

Врз основа на член 28 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 3 став (3) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 12.05.2021 година го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

Во доставениот Предлог Закон за финансиска стабилност од страна на Министерството за финансии се предлагаат решенија во член 21 став (1) точка 3) и член 21 став (4) за "**оцена на потребата и можноста за користење на буџетски средства за справување со финансиската криза„** како и во случај да се "**оцени постоење на потребата од користење буџетски средства, министерот за финансии за тоа ја известува Владата на Република Северна Македонија, а средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за справување со финансиска криза се обезбедуваат врз основа на посебен закон за обезбедување буџетски средства за справување со финансиката криза„**. Комисијата за заштита на конкуренцијата во однос на дадените решенија во горенаведените членови смета дека има елементи на државна помош во случај на нивна конкретна примена во одредена финансиска криза поради фактот што се дава можност во време на криза за доделување финансиска помош од страна на државата кон одредена финанскиска институција.

На основа на член 3 став (3) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Репулика Македонија„бр. 145/10) во кој е наведено: „во оцена на облиците на државна помош кои можат да имаат влијание на трговијата меѓу Република Македонија и Европските заедници, согласно со член 69 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија и Европските заедници и нејзините земји членки, на соодветен начин се применуваат критериумите кои произлегуваат од правилната примена на правилата за државна помош во Европската Унија„ , Комисијата за заштита на конкуренцијата укажува на фактот дека при одлуката за користење на буџетски средства за справување со финансиска криза предвидени со овој Предлог Закон треба да се зема предвид Комуникацијата од Комисијата од 1 август 2013 година, која се однесува на правилата за државна помош за поддршка на мерките во корист на банките во контекст на финансиската криза („Банкарска комуникација)[1].

Банкарската комуникација предвидува државна помош во вид на:

- мерки за докапитализација и мерки за третман на оштетените средства;

[1] Communication from the Commission on the application, from 1 August 2013, of State aid rules to support measures in favour of banks in the context of the financial crisis ('Banking Communication'), (OJ C 216, 30.7.2013, p.1-15).

- гаранции и ликвидносна поддршка надвор од ликвидносната поддршка обезбедена од централната банка;
- обезбедување ликвидност од централната банка и интервенции на фондот за осигурување депозити и фондот за решавање банки;
- помош при ликвидација на банки.

Исто така, Комисијата за заштита на конкуренцијата во врска со решенијата предвидени во Предлог Законот за финансиска стабилност укажува дека треба да се земе предвид и Европската директива за опоравување и решавање на кредитни институции и инвестициски фирми [2], донесена во 2014 година, во која како една од целите на решавањето на финансиските потешкотии на банките се определува заштитата на јавните средства преку сведување на минимум на можноста за користење на финансиска помош од државата. Со горенаведената ЕУ директива се предвидени случаите во кои се дозволува користење финансиска поддршка од државата (превентивна докапитализација).

Во горенаведените документи детално се уредува за кои намени и под кои услови може да се додели државна помош за банки во услови на финансиска криза.

Важно за напоменување е дека државната помош треба да произлегува како потреба од кризата, а не како резултат на прекумерно преземање ризици од страна на финансиските институции, како и дека треба да биде неопходна, соодветна и пропорционална за да спречи сериозни нарушувања.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**

[2] Directive 2014/59/EU of the European Parliament and of the Council of 15 May 2014 establishing a framework for the recovery and resolution of credit institutions and investment firms and amending Council Directive 82/891/EEC, and Directives 2001/24/EC, 2002/47/EC, 2004/25/EC, 2005/56/EC, 2007/36/EC, 2011/35/EU, 2012/30/EU and 2013/36/EU, and Regulations (EU) No 1093/2010 and (EU) No 648/2012, of the European Parliament and of the Council.